**ЗАКЛУЧОК**

Координативното тело за следење на почитувањето на Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми, на 17 октомври 2025 година расправаше за Претставката поднесена од , главна и одговорна уредничка на порталот Апла.мк, против , кандидат за советник на независната иницијатива „Поинаку“ од Битола, воедно и советник во Советот на Општина Битола, во два мандати во изминатите 8 години.

Во претставката, поднесена на 14 октомври 2025, во 22:27 ч., наведува дека „пред два дена на својот Фејсбук профил објави статус упатен кон политичките ривали, медиумите и воопшто гласачите, во кој употреби недоличен, уличарски вокабулар, рушејќи ги сите нивоа на пристојно политичко комуницирање“.

Во прилог, достави фотографија од наведената објава на Фејсбук профилот на каде што тој е претставен како кандидат за советник во Општина Битола, со број 58, покрај логото на иницијативата „Поинаку“.

Координативното тело ја прифати Претставката од , утврдувајќи дека кандидатот за советник во Општина Битола о прекршил член 5 од Кодексот, односно Начелата и стандардите што се однесуваат на политичките партии и (независните) кандидати, каде што меѓу другото се вели:

„Ќе настојуваат да користат аргументи и факти во јавните дебати и дискусии, примерен и учтив јазик во комуникацијата со јавноста, и ќе ги почитуваат различните ставови и мислења“.

Кодексот, усвоен во 2023 година, служи како насока за добро однесување заради обезбедување интегритет на информациите за време на избори и референдуми, транспарентност на политичкото рекламирање и неговото финансирање, приватност и безбедност на обработката на личните податоци на граѓаните, како и за спречување на ширењето дезинформации (неточни, нецелосни, лажни или злонамерни информации), говор на омраза, и дискриминација по која било основа.

Координативното тело исто така посочува дека освен што се одговорни за сопствениот начин на комуникација во онлајн просторот, политичарите, кога на своите профили отвораат јавен форум достапен за општата јавност, имаат и одговорност да ги бришат несоодветните коментари од други лица на својот профил (непристојни, со дискриминација или говор на омраза), како што е утврдено во пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот „Санчез против Франција (Sanchez v. France).

Скопје,
20.10.2025 година

**Координативно тело**
**за следење на почитувањето на начелата и**
**стандардите од Кодексот**

**Билјана Георгиевска**
**Координаторка**